Друштво за трговија и услуги
МАРК ИТ ДООЕЛ
Бр. 21/23
20.12 2023 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-13803/1
Датум: 14-12-2023

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки–информатичка опрема

Склучен помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул. "Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган; и

2. ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ МАРК ИТ ДООЕЛ СКОПЈЕ, со седиште на ул. „Христо Смирненски“ бр. 14/12, Скопје, претставувано од Дамњан Милутиновиќ, во својство на управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е набавка и испорака на информатичката опрема за потребите на договорниот орган, по спроведената поедноставена отворена постапка, по оглас број 20262/2023, во сè според прифатената понуда на носителот на набавката од страна на договорниот орган која е составен дел на договорот (Прилог кон договорот).

### Член 2

Опремата од член 1 на овој договор е нова, оригинална, целосно конфигурирана и со обезбедена гаранција од страна на производителот на опремата.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Единечните цени за предметот на набавката (Прилог кон договорот) се фиксни и непроменливи со вкалкулирани трошоци што ги има носителот на набавката до нивната испорака и монтажа на локацијата посочена од договорниот орган.

Вкупната вредност на договорот изнесува 4.198.504,00 денари без пресметан ДДВ.

Данокот на додадена вредност пресметан на износот од став 2 на овој член изнесува 209.925,00 денари.

Вкупната вредност на договорот изнесува 4.408.429,00 денари со пресметан ДДВ.

## III. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

### Член 4

Испораката на стоките ќе се врши по писмена порачка, а врз основа на потребите на договорниот орган.

Рокот за испорака на стоките – предметот на договорот изнесува 14 дена од денот на приемот на писмена порачка од страна на договорниот орган кај носителот на набавката.

Местото на испорака на информатичката опрема е во магацинот на Министерството за финансии на ул. „Даме Груев“, бр.12 во Скопје.

### Член 5

За испорачаната опрема носителот на набавката и договорниот орган ќе потпишат испратница и/или записник за примопредавање, со кои договорниот орган потврдува дека е извршен квалитативен и квантитативен прием на опремата - предмет на договорот.

Испратницата и/или записникот со полно име и презиме ја потпишуваат определено лице од страна на договорниот орган и определено лице од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган го потврдува квантитативниот и квалитативниот прием на опремата во присуство на претставник на носителот на набавката со потпис на испратницата и/или записникот за примопредавање, со што е извршено нејзино квантитативно и квалитативно примопредавање.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 6

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го изврши во рок од 30 (триесет) календарски дена, сметано од денот на приемот на фактурата од носителот на набавката за испорачаната опрема - предмет на договорот.

Со фактурата за испорачаните стоки треба да има приложено и испратница и/или записник за извршено примопредавање, потпишан од двете договорни страни, како доказ дека опремата - предмет на договорот е во целост испорачана.

Фактурата за плаќање за испорачаните стоки се доставува во писарницата на договорниот орган, на следнава адреса: ул. „Даме Груев“ бр.12, 1000 Скопје.

## V. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 7

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вкупната вредноста на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Со оваа гаранција избраниот економски оператор гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 8

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација на начин согласно прифатените услови дефинирани во понудата.

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно понудата, тендерската документација и упатствата на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен во рамките на извршувањето на своите обврски блиску да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметот на договорот.

### Член 9

Носителот на набавката се обврзува:

- да ја испорача опремата - предмет на договорот, одговорно, квалитетно и навремено во сè според одредбите од овој договор;
- информатичката опрема да ја испорача во целост, во рок од најмногу 14 дена, сметано од денот на прием на порачката кај носителот на набавката;
- информатичката опрема што ќе ја испорача да е нова, во оригинална амбалажа, целосно конфигуирана од страна на производителот и со обезбедена гаранција од страна на производителот на опремата;
- опремата што ќе ја испорача да биде од марката, моделот, производителот и техничките карактеристики од прилогот кон договорот;

- сервисирањето и одржувањето на информатичката опрема - предмет на договорот, да го врши во рамките на гарантниот рок за испорачаната опрема, од денот на извршената испорака на опремата на договорниот орган и тоа на повик и по укажана потреба од страна на договорниот орган;
- сите евентуални дефекти на информатичката опрема во гарантниот период да ги отстрани без надоместок на локацијата на корисникот или во сервис доколку за тоа има потреба и тоа во рок од најмногу 30 (триесет) дена, од денот на укажувањето од страна на договорниот орган;
- во случај на дефект на информатичката опрема во гарантниот период доколку во рок од најмногу 30 (триесет) дена не го отстрани дефектот, носителот на набавката се обврзува да испорача ист таков вид на опрема на договорниот орган и
- да обезбеди техничка поддршка и пријава на дефект во работни денови на локација во Скопје.

## VII. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

### Член 10

Гарантниот период за опремата е согласно гаранцијата на опремата внесена во прифатената понудата на носителот на набавката и истиот започнува да тече сметано од денот на испораката на истата.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот период да ја одржува опремата.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот рок да врши бесплатна редовна проверка (контрола) на опремата еднаш месечно и да се јави на повик во случај на дефект.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот период да врши поправка или замена на резервните делови без надоместок.

Носителот на набавката се обврзува за секоја редовна контрола, редовен сервис и интервенција по повик да издаде работен налог во кој ќе биде наведена видот на интервенцијата, датум на интервенцијата, име и презиме на сервисерот и работникот кој бил присутен за време на сервисирањето и нивни потписи.

### Член 11

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантен рок:

- поправката на опремата ќе ја вршат исклучиво обучени лица;

- поправката на опремата ќе ја врши во просториите на договорниот орган, а само во исклучителни случаи кога поправката не е можно да ја изврши на самото место, по претходна согласност на договорниот орган, да ја земе опремата со цел поправката да ја изврши во сервисот;
- ќе обезбеди друга опрема со исти или слични спецификации за замена на расипаната доколку не биде поправена во рок од 48 часа;
- ќе дава телефонска поддршка во работно време;
- одзивот на повик за дефект нема да биде подолг од 4 часа.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 12

Договорниот орган е должен да определи лице кое ќе биде задолжено за квантитативен и квалитативен прием на предметот на договорот и за тоа писмено да го извести носителот на набавката.

Договорниот орган е должен да изврши рекламација на опремата или на делови од неа доколку не ги задоволуваат наведените перформанси и утврдениот квалитет и за истото писмено да го извести носителот на набавката.

### Член 13

Договорниот орган се обврзува да го изврши плаќањето за испорачаната опрема во рокот утврден во член 6 од овој договор.

## IX. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 14

Договорот важи за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на потпишување на двете договорни страни.

Доколку дојде до вредносно исполнување односно се испорачаат сите количини, истиот престанува да важи.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 15

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 16

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 17

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 18

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

## XI. ВИША СИЛА

Член 19

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 20

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 21

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 22

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 23

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 24

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
МАРК ИТ ДООЕЛ
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

УПРАВИТЕЛ
Дамњан Милутиновиќ

Изработил: Петрина Мале
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст

**Министерството за финансии**

**МАРК ИТ дооел Скопје**
Ул. Христо Смирненски 14/12
1000 Скопје, Македонија
Тел.: +389 71 233 636
e-mail: markit.sk@gmail.com

Врз основа на огласот објавен од страна на Министерството за финансии, за набавка на стоки - **информатичка опрема** со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

# ПОНУДА

## Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: МАРК ИТ ДООЕЛ, Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: Ул. Христо Смирненски 14/12, Скопје
- Телефон: +389 71 233 636
- Факс:
- Е-пошта: info@markit.mk
- Лице за контакт: Дамњан Милутиновиќ

I.3. Одговорно лице: Дамњан Милутиновиќ

I.4 Даночен број: 4043018524398

I.5 Матичен број на понудувачот: 7269200

I.6 Жиро сметка: 210-0726920001-85 НЛБ Банка АД Скопје

## Дел II – Техничка понуда

II.1. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со техничките спецификации.

II.2 Во прилог на техничката понуда да се достави:

- **технички опис на понудената информатичка опрема со приложен проспектен материјал со референца во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика,** (Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика)
- **да се дадат условите за одржувањето и поддршката во гарантниот период:**
  - **техничка поддршка и пријава на дефект во работни денови,**
  - **одредување на една точка за контакт (Help Desk) (во Скопје, Република Северна Македонија), кој ќе биде одговорен за евидентирање и координирање на сите аспекти на поправка на опремата и др.**

### Персонален компјутер и монитор ТИП 1 (Количина: 10)

| **Опис на минималните карактеристики што се бараат** | | ПОНУДЕНА КОНФИГУРАЦИЈА (пополнува понудувачот) Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика |
|---|---|---|
| **Персонален Компјутер – Fujitsu ESPRIMO D7013** | | |
| **Процесор** | Минимум 13та генерација со 10 јадра и 16 нишки, 1.8 GHz ефикасна работна | Intel® Core™ i5-13400 processor (10 Cores (6+4) / 16 Threads, 2.5 GHz, 20 MB, Intel® UHD Graphics 730) * |

| | | |
|---|---|---|
| | фреквенција и 20MB Intel Smart кеш меморија | Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 2 |
| **Рам меморија** | Минимум 16GB DDR5 на минимум 4800 MT/s, со можност за надградба до 128 GB. | 1x 16GB DDR5-4800 MT/s, Supported capacity max 128 GB преку 4x DIMM слотови<br><br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 3 |
| **Тврд диск** | Минимум 512 GB SSD M.2 NVMe Gen4 диск | 1x SSD PCIe 512GB M.2 NVMe SED (Gen4)<br><br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 2 |
| **Графичка картичка** | Минимум Интегрирана Intel UHD 730 или еквивалент | 1x Intel UHD Graphics 730<br><br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 2, 4 |
| **Мрежна картичка** | Минимум 10/100/1000 Mbps | 1x 10/100/1,000 MBit/s Intel® I219LM<br><br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 3 |
| **Порти** | Предни:<br><br>Минимум 2x USB 2.0 Type-A<br><br>Минимум 2x USB 3.2 gen 2 Type-A<br><br>Минимум 1x USB 3.2 gen 2x2 Type-C со испорака на моќност до 15W<br><br>Минимум 1x аудио за слушалици со микрофон<br><br>Задни:<br><br>Минимум 2x USB 2.0<br><br>Минимум 2x USB 3.2 gen 1 Type-A<br><br>Минимум 2x USB 3.2 gen 2 Type-A<br><br>Минимум 2x DP (Display port) | Предни:<br><br>2x USB 2.0 Type-A<br>2x USB 3.2 Gen 2 (10 Gbps) Type-A<br>1x USB 3.2 Gen 2x2 (20 Gbps) Type-C (supports up to 15W)<br><br>1x Front audio: headset<br><br>Задни:<br><br>2x USB 2.0 Type-A<br><br>2x USB 3.2 Gen 1 (5 Gbps) Type-A<br><br>2x USB 3.2 Gen 2 (10 Gbps) Type-A<br><br>see flexible interface options<br><br>2x Display Port 1.4<br><br>1x Ethernet (RJ-45)<br><br>1x Audio Input |

| | | |
|---|---|---|
| | Минимум 1x RJ-45<br>Минимум 1x аудио влез<br>Минимум 1x аудио излез | 1x Audio Output<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 4 |
| **Внатрешни I/O адаптери** | Минимум 1x PCIe 3.0 x1<br>Минимум 2x PCIe 4.0 (од кои минимум 1x PCIe 4.0 x16)<br>Минимум 2x M.2 за SSD NVMe<br>Минимум 1x M.2 за WLAN модул<br>Минимум 1x USB на матична<br>Минимум 5x SATA III | 1x PCI-Express 3.0 x1<br>1x PCI-Express 4.0 x16<br>1x PCI-Express 4.0 x4<br>2 x On mainboard for SSD NVMe (PCIe 4.0 x4; up to 64Gbit/s)<br>1x M.2-2230 за on mainboard for WLAN module<br>1x USB on mainboard for WLAN module<br>5x Serial ATA<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 3, 4 |
| **Тастатура и глушец** | USB тастатура со US layout и глушец од истиот производител | 1x Fujitsu Keyboard KB410 USB Black US/Int 104 keys<br>1x Optical USB mouse black<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 4 |
| **Оперативен систем** | Преинсталиран Windows 11 Pro x64 | Operating system pre-installed Windows 11 Pro<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 2 |
| **Напојување** | Интегрирано со ефикасност од 92% при оптоварување од 50% и 91% при оптоварување од 100% | Power supply efficiency in % at 10% / 20% / 50% / 100% load<br>80Plus GOLD: for 230V ; 87/90/92/91<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 5 |
| **Тип на кукиште** | Small Form Factor | Small form factor PC<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **Безбедност и сертификати** | Минимум TPM 2.0;<br><br>Hard disk password<br><br>Контрола на сите USB порт<br><br>Опција за заштита на записи на Flash EPROM<br><br>Kensington lock<br><br>TCO | 1x Embedded security (TPM 2.0)<br><br>1x User and supervisor BIOS password<br><br>1x Hard disk password<br><br>1x Write protect option for the Flash EPROM<br><br>1x Kensington Lock support<br><br>1x Eye for padlock<br><br>1x TCO<br><br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 6 |
| **Тастатура и глушец** | USB тастатура и глушец од истиот производител | 1x Fujitsu Keyboard KB410 USB Black US/Int 104 keys<br><br>1x Optical USB mouse black<br><br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 4 |
| **Управување** | Можност за управување на персоналните компјутери од централна локација со функционалост за:<br><br>• Надградба на BIOS, промена на конфигурација на BIOS<br>• Надградба на драјвери<br>• Можност за гасење на USB портите<br>• Управување со аларми, известување за промени во врска со состојбата на компјутерот<br><br>Доколку е потребна дополнителна лиценца за управување на горенаведените функционалности, | Fujitsu Manageability software<br><br>DeskView Client<br><br>DeskView Instant BIOS Management<br><br>BIOS Management incl. Security<br><br>Inventory Management<br><br>Driver Management<br><br>Alarm Management<br><br>Брошура: Fujtisu DeskView Client.pdf стр. 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | понудувачот е обврзан да ја испорача. Софтверот за управување треба да е од истиот производител | |
| **Монитор** | | **1x Fujitsu DISPLAY B22-8 TS Pro** |
| **Тип на екран** | IPS LED anti-glare со можност за ECO режим на работа | In-Plane Switching (IPS) technology/LED; Eco button for Eco mode and 3-coloured Eco status LED<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.1 |
| **Големина на екран** | Минимум 21,5" | Diagonal Size: 54.6 cm (21.5-inch)<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Време на одзив** | Максимум 5ms | Response time: 5ms<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Резолуција** | Минимум 1920x1080 | Resolution: 1920x1080<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Осветленост** | Минимум 250 cd/m2 | Brightness: 250cd/m2<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Контраст** | Минимум 1000:1 | Contrast: 1000:1<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Аудио** | Минимум 2 x 1.5W интегрирани | Audio integrated: 2 x 1.5 W<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Агол на преглед** | Минимум 178° вертикално / 178° хоризонтално | Viewing angle: 178°/178° (H/V)<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Навалување** | Минимум -5° / +35 | Tilt Angle: -5° / +35° |

| | | |
|---|---|---|
| | | Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Висинско Подесување** | Минимум 150mm | Height adjust: 150mm<br><br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Порти** | Минимум 1x Display Port<br><br>Минимум 1x DVI,<br><br>Минимум 1x D-SUB Минимум 3x USB од кои 1x upstream и 2x downstream<br><br>Минимум 3,5мм аудио приклучок | Порти:<br><br>1x DisplayPort 1.2<br><br>1x DVI-D (HDCP)<br><br>1x VGA/D-SUB<br><br>1x Audio signal output 3.5 mm stereo phone jack for head phone<br><br>1x Audio signal input 3.5 mm stereo phone jack<br><br>1x USB Upstream<br><br>2x USB Downstream<br><br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Вклучени кабли** | Минимум Display Port кабел, Аудио кабел, USB кабел (USB-A - USB-B) и кабел за напојување | DisplayPort data cable 1.8 m<br><br>Audio cable 1.8 m<br><br>USB-cable 1.8 m (USB-A to USB-B)<br><br>Power cable for wall socket (Euro-Schuko-Type CEE7) 1.8 m<br><br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.4 |
| **Безбедност и сертификати** | Минимум TCO Certified 8.0, ENERGY STAR® 8.0 | TCO Certified 8.0<br><br>ENERGY STAR® 8.0<br><br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.3 |
| **Гаранција** | Минимум 36 месеци на персоналниот компјутер со монитор. | Warranty 36 Months (3 Years)<br><br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.4 |

| | |
|---|---|
| Понудената опрема треба да е од ист производител и да биде нова и неупотребувана | Fujitsu ESPRIMO D7013<br>Fujitsu Display B22-8 TS PRO |

## Персонален компјутер и монитор ТИП 2 (Количина:8 )

| **Опис на минималните карактеристики што се бараат** | | ПОНУДЕНА КОНФИГУРАЦИЈА<br>(пополнува понудувачот)<br>Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика |
|---|---|---|
| **Персонален Компјутер** | | |
| **Процесор** | Минимум 13та генерација со 16 јадра и 24 нишки, 1.5 GHz ефикасна работна фреквенција и 24MB Intel Smart кеш меморија | Intel® Core™ i7-13700 processor (16 Cores(8+8) / 24<br>Threads, 2.1 GHz, 30 MB, Intel® UHD Graphics 770)<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 2 |
| **Рам меморија** | Минимум 32GB DDR5 на минимум 4800 MT/s, со можност за надградба до 128 GB. | 2x 16GB DDR5-4800 MT/s, Supported capacity max 128 GB преку 4x DIMM слотови<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 3 |
| **Тврд диск** | Минимум 1024 GB SSD M.2 NVMe Gen4 диск | 1x SSD PCIe 1024GB M.2 NVMe SED (Gen4)<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 2 |
| **Графичка картичка** | Миниум дедицирана 4 Gb GDDR6 видео картица со минимум 3 mini-DP излезни порти или еквивалент | 1x NVIDIA T400 4GB LP (3x mini- DP излези)<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 2 и<br>Брошура: NVIDIA T400 4Gb.pdf стр.1 |

| | | |
|---|---|---|
| **Мрежна картичка** | Минимум 10/100/1000 Mbps | 1x 10/100/1,000 MBit/s Intel® I219LM<br><br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 3 |
| **Порти** | Предни:<br><br>Минимум 2x USB 2.0 Type-A<br><br>Минимум 2x USB 3.2 gen 2 Type-A<br><br>Минимум 1x USB 3.2 gen 2 Type-C со испорака на моќност до 15W<br><br>Минимум 1x аудио за слушалици со микрофон<br><br>Задни:<br><br>Минимум 2x USB 2.0<br><br>Минимум 2x USB 3.2 gen 1 Type-A<br><br>Минимум 2x USB 3.2 gen 2 Type-A<br><br>Минимум 2x DP (Display port)<br><br>Минимум 1x RJ-45<br><br>Минимум 1x аудио влез<br><br>Минимум 1x аудио излез | Предни:<br><br>2x USB 2.0 Type-A<br>2x USB 3.2 Gen 2 (10 Gbps) Type-A<br>1x USB 3.2 Gen 2x2 (20 Gbps) Type-C (supports up to 15W)<br><br>1x Front audio: headset<br><br>Задни:<br><br>2x USB 2.0 Type-A<br><br>2x USB 3.2 Gen 1 (5 Gbps) Type-A<br><br>2x USB 3.2 Gen 2 (10 Gbps) Type-A<br><br>see flexible interface options<br><br>2x Display Port 1.4<br><br>1x Ethernet (RJ-45)<br><br>1x Audio Input<br><br>1x Audio Output<br><br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 4 |
| **Внатрешни I/O адаптери** | Минимум 1x PCIe 3.0 x1<br><br>Минимум 2x PCIe 4.0 (од кои минимум 1x PCIe 4.0 x16)<br><br>Минимум 2x M.2 за SSD NVMe<br><br>Минимум 1x M.2 за WLAN модул<br><br>Минимум 1x USB на матична | 1x PCI-Express 3.0 x1<br><br>1x PCI-Express 4.0 x16<br><br>1x PCI-Express 4.0 x4<br><br>2 x On mainboard for SSD NVMe (PCIe 4.0 x4; up to 64Gbit/s)<br><br>1x M.2-2230 за on mainboard for WLAN module<br><br>1x USB on mainboard for WLAN module<br><br>5x Serial ATA |

| | | |
|---|---|---|
| | Минимум 5x SATA III | Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 3, 4 |
| **Тастатура и глушец** | USB тастатура со US layout и глушец од истиот производител | 1x Fujitsu Keyboard KB410 USB Black US/Int 104 keys<br>1x Optical USB mouse black<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 4 |
| **Оперативен систем** | Преинсталиран Windows 11 Pro x64 | Operating system pre-installed Windows 11 Pro<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 2 |
| **Напојување** | Интегрирано со ефикасност од 92% при оптоварување од 50% и 91% при оптоварување од 100% | Power supply efficiency in % at 10% / 20% / 50% / 100% load<br>80Plus GOLD: for 230V ; 87/90/92/91<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 5 |
| **Тип на кућиште** | Small Form Factor | Small form factor PC<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 1 |
| **Безбедност и сертификати** | Минимум TPM 2.0;<br>Hard disk password<br>Контрола на сите USB порт<br>Опција за заштита на записи на Flash EPROM<br>Kensington lock<br>TCO | 1x Embedded security (TPM 2.0)<br>1x User and supervisor BIOS password<br>1x Hard disk password<br>1x Write protect option for the Flash EPROM<br>1x Kensington Lock support<br>1x Eye for padlock<br>1x TCO<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 6 |
| **Тастатура и глушец** | USB тастатура и глушец од истиот производител | 1x Fujitsu Keyboard KB410 USB Black US/Int 104 keys<br>1x Optical USB mouse black<br>Брошура: Fujtisu ESPRIMO_D7013.pdf стр. 4 |

| | | |
|---|---|---|
| **Управување** | Можност за управување на персоналните компјутери од централна локација со функционалост за:<br>• Надградба на BIOS, промена на конфигурација на BIOS<br>• Надградба на драјвери<br>• Можност за гасење на USB портите<br>• Управување со аларми, известување за промени во врска со состојбата на компјутерот<br>Доколку е потребна дополнителна лиценца за управување на горенаведените функционалности, понудувачот е обврзан да ја испорача. Софтверот за управување треба да е од истиот производител | Fujitsu Manageability software<br>DeskView Client<br>DeskView Instant BIOS Management<br>BIOS Management incl. Security<br>Inventory Management<br>Driver Management<br>Alarm Management<br>Брошура: Fujtisu DeskView Client.pdf стр. 1 |
| **Монитори, за секој персонален компјутери од Тип.2 потребно е по два монитори** | | **2x Fujitsu DISPLAY B22-8 TS Pro** |
| **Тип на екран** | IPS LED anti-glare со можност за ECO режим на работа | In-Plane Switching (IPS) technology/LED; Eco button for Eco mode and 3-coloured Eco status LED<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.1 |
| **Големина на екран** | Минимум 21,5" | Diagonal Size: 54.6 cm (21.5-inch)<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Време на одзив** | Максимум 5ms | Response time: 5ms<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Резолуција** | Минимум 1920x1080 | Resolution: 1920x1080<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |

markit
SMART SOLUTIONS

| | | |
|---|---|---|
| **Осветленост** | Минимум 250 cd/m2 | Brightness: 250cd/m2<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Контраст** | Минимум 1000:1 | Contrast: 1000:1<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Аудио** | Минимум 2 x 1.5W интегрирани | Audio integrated: 2 x 1.5 W<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Агол на преглед** | Минимум 178° вертикално / 178° хоризонтално | Viewing angle: 178°/178° (H/V)<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Навалување** | Минимум -5° / +35 | Tilt Angle: -5° / +35°<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Висинско Подесување** | Минимум 150mm | Height adjust: 150mm<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Порти** | Минимум 1x Display Port<br>Минимум 1x DVI,<br>Минимум 1x D-SUB<br>Минимум 3x USB од кои 1x upstream и 2x downstream<br>Минимум 3,5мм аудио приклучок | Порти:<br>1x DisplayPort 1.2<br>1x DVI-D (HDCP)<br>1x VGA/D-SUB<br>1x Audio signal output 3.5 mm stereo phone jack for head phone<br>1x Audio signal input 3.5 mm stereo phone jack<br>1x USB Upstream<br>2x USB Downstream<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.2 |
| **Вклучени кабли** | Минимум Display Port кабел или соодветен адаптер за поврзување на мониторите преку , Аудио кабел, USB кабел (USB-A - USB-B) и кабел за напојување | DisplayPort data cable 1.8 m<br>Audio cable 1.8 m<br>USB-cable 1.8 m (USB-A to USB-B)<br>Power cable for wall socket (Euro-Schuko-Type CEE7) 1.8 m<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.4 |
| **Безбедност и сертификати** | Минимум TCO Certified 8.0, ENERGY STAR® 8.0 | TCO Certified 8.0<br>ENERGY STAR® 8.0 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.3 |
| Гаранција | Минимум 36 месеци на персоналниот компјутер со монитор. | Warranty 36 Months (3 Years)<br>Fujtisu Display B22-8 TS Pro.pdf стр.4 |
| Понудената опрема треба да е од ист производител и да биде нова и неупотребувана | | Fujitsu ESPRIMO D7013<br>Fujitsu Display B22-8 TS Pro |

## Преносен компјутер Тип 1. (Количина:18 )

| **Опис на минималните карактеристики што се бараат** | | ПОНУДЕНА КОНФИГУРАЦИЈА<br>(пополнува понудувачот)<br>Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика |
|---|---|---|
| **Преносен Компјутер Fujitsu Lifebook E5513** | | |
| **Процесор** | Минимум 13та генерација на процесор со 10 јадра и 12 нишки, 4,6 GHz максимална фреквенција, 12MB Intel Smart кеш меморија | Intel® Core™ i5-1335U processor (10 Cores, up to 4.6 GHz)<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.2 |
| **Рам меморија** | Минимум 32GB DDR4 на минимум 3200 MHz, со можност за надградба до 64 GB | 2x 16 GB DDR4 3200 MHz , Supported capacity max 64 GB преку 2x DIMM слотови<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.3 |
| **Тврд диск** | Минимум 1024 GB SSD M.2 NVMe Gen4 диск | 1x SSD 1TB Value-PCIe 4.0 NVMe M.2 SED<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.2 |
| **Екран:** | Минимум 15,6" FHD(1920x1080) Anti glare, со осветленост од минимум 250cd/m2 и контраст од 700:1 | 1x 39.6 cm (15.6-inch), FHD, 1,920 x 1,080 pixel, Anti-glare IPS display, 250 $cd/m^2$ (FHD), 700:1 (FHD)<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.2 |
| **Камера:** | Минимум HD камера 720p, со филтер за приватност | 1x Built-in webcam (HD) with Status LED with 720p, 1 megapixels, 1280 x 720, with Privacy Camera Shutter |

markit
SMART SOLUTIONS

| | | |
|---|---|---|
| | | Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.2 |
| **Графичка картичка** | Минимум Intel Iris Xe Graphics или еквивалент | Dual Channel MEM - Intel IRIS graphics<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.3 |
| **Мрежна картичка** | Минимум 10/100/1000 Mbps RJ-45, Intel WiFi 6E AX211 + BT v5.3 | 1x 10/100/1,000 MBit/s Intel® I219LM RJ-45<br>1x Intel WiFi 6E AX211 - WLAN, BT v5.3, SRD cat. 2<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.3, 4 |
| **Аудио** | Интегрирани два стерео звучници секој по 2W | 2x built-in speakers (2 W each), Stereo audio<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.3 |
| **Порти** | Минимум:<br>3x USB 3.2 gen1 Type-A (една со функционалност за USB полнење во секое време)<br>2x USB Type C USB4 (со функционалност за испорака на напојување)<br>1x HDMI<br>1x Ethernet (RJ-45)<br>1x combo audio / microphone jack<br>1x SD/SDHC/SDXC | 3x USB 3.2 gen1 Type-A (една со функционалност за USB полнење во секое време)<br>2x USB Type C USB4 (со функционалност за испорака на напојување)<br>1x HDMI<br>1x Ethernet (RJ-45)<br>1x combo audio / microphone jack<br>1x SD/SDHC/SDXC<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.3 |
| **Батерија** | Минимум Lithium polymer battery 4-cell, 65 Wh, брзо полнење 80% за 1 час | Lithium polymer battery 4-cell, 65 Wh, 4,280 mAh<br>Quick Charge: 80% in 1h<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.4 |
| **Адаптер** | Минимум Type-C 20 V / 65 W адаптер | 20 V / 65 W (3.25 A), 100 V - 240 V, 50 Hz - 60 Hz, 3-pin (grounded) Type-C AC-Adapter standard<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.4 |
| **Тежина** | Максимум 1.69 kg | Weight 1.65 kg |
| **Безбедност и ефикасност** | Минимум TPM 2.0 функционалност, BIOS лозинка, Хард Диск лозинка, Kensington Lock, мин ENERGY STAR® 8.0 | TPM 2.0<br>Hard disk password<br>User and supervisor BIOS password<br>Kensington Lock |

| | | |
|---|---|---|
| | | ENERGY STAR® 8.0<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.4, 5 |
| **Издржливост** | Минимум MIL-STD-810H тестиран со Carbon/Aluminum/Magnesium LCD капак | MIL-STD-810H tested<br>Ultra-slim 20.1 mm notebook starting at 1.65 kg with magnesium LCD lid<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.1 |
| **Оперативен систем** | Преинсталиран Windows 11 Professional или еквивалент | Operating system pre-installed Windows 11 Pro<br>Fujtisu LIFEBOOK E5513.pdf стр.2 |
| **Тастатура и глушец** | Интегрирана со US layout, водотопорна (spill-resistant), дополнително USB глувче и тастатура од истиот производител | Spill-resistant keyboard with number block, Available with standard keyboard or backlit keyboard; Keyboard black w/o TS 10key US<br>Fujitsu Mobile Mouse black и KB410 USB Black US English 104 key тастатура |
| **Торба/ранец** | Минимум ранец од истиот производител | Fujitsu Prestige Backpack 16 |
| **Управување** | Можност за управување на персоналните компјутери од централна локација со функционалост за:<br>• Надградба на BIOS, промена на конфигурација на BIOS<br>• Надградба на драјвери<br>• Можност за гасење на USB портите<br>• Управување со аларми, известување за промени во врска со состојбата на компјутерот<br>Доколку е потребна дополнителна лиценца за управување на горенаведените функционалности, понудувачот е обврзан да ја испорача. | Fujitsu Manageability software<br>DeskView Client<br>DeskView Instant BIOS Management<br>BIOS Management incl. Security<br>Inventory Management<br>Driver Management<br>Alarm Management<br>Брошура: Fujtisu DeskView Client.pdf стр. 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Софтверот за управување треба да е од истиот производител | |
| Гаранција | Минимум 36 месеци | Warranty 36 Months (3 Years) |
| Монитор, дополнително надворешен | | Fujitsu Display P2410 TE |
| Тип на екран | IPS LED anti-glare со можност за ECO режим на работа | In-Plane Switching (IPS) technology<br>Eco button for Eco mode and 4-colored status LED<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 2 |
| Големина на екран | Минимум 24.1" | Widescreen 61.13 cm (24.1 inch)<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 1 |
| Време на одзив | Максимум 5ms | Response Time: 5ms<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 2 |
| Резолуција | Минимум 1920x1080 | Resolution 1,920 x 1,200 pixel<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 2 |
| Осветленост | Минимум 300 cd/m2 | Brightness 300 cd/m$^2$<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 2 |
| Контраст | Минимум 1000:1 | Contrast: 1000:1<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 2 |
| Аудио | Минимум 2 x 2W интегрирани | Audio sound output 2 x 2 W<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 2 |
| Агол на преглед | Минимум 178° вертикално / 178° хоризонтално | Viewing angle (h/v) - typical 178°/178°<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 2 |
| Навалување | Минимум -5° / +35 | Tilt: -5° / +35<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 2 |

| | | |
|---|---|---|
| **Висинско Подесување** | Минимум 150mm | Height adjust range: 150mm<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 2 |
| **Порти** | Минимум 1 x DP (Display Port) Daisy Chain<br>Минимум 1 x DP (Display Port)<br>Минимум 1 x HDMI<br>Минимум 1 x 3.5mm аудио излез<br>Минимум 4 x USB 3.2 downstream (од кои минимум 1x USB Type-C)<br>Минимум 1 x USB Type-C upstream | 1x DP (Display Port) Daisy Chain<br>1x DP (Display Port)<br>1x HDMI<br>1x 3.5mm аудио излез<br>4x USB 3.2 downstream (од кои минимум 1x USB Type-C)<br>1x USB Type-C upstream<br>USB Downstream: 4x USB 3.2 Superspeed 5GBit (1x Type C and 1x Type A on side, 2x Type A on bottom<br>USB Upstream: 1 x USB Type C<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 2, 3 |
| **Вклучени кабли** | Минимум HDMI кабел, Аудио кабел, USB кабел (USB-A - USB-B) и USB кабел (USB-C to USB-C) и кабел за напојување | HDMI cable<br>DisplayPort data cable 1.8 m<br>Power cable for wall socket (Euro-Schuko-Type CEE7) 1.8 m<br>USB cable 1m (USB-C to USB-C)<br>USB-cable 1.8 m (USB-A to USB-B)<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 4 |
| **Безбедност и сертификати** | Минимум TCO Certified 8.0, ENERGY STAR® 8.0 | ENERGY STAR® 8.0; TCO Certified<br>Брошура: Fujtisu Display P2410_WE.pdf стр. 3 |
| **Гаранција** | Минимум 36 месеци на персоналниот компјутер со монитор. | Warranty 36 Months (3 Years) |
| Понудената опрема треба да е од ист производител и да биде нова и неупотребувана | | Fujitsu Lifebook E5513<br>Fujitsu Display P2410 TE |

markit
SMART SOLUTIONS

Преносен компјутер Тип 2. (Количина: 5)

| Опис на минималните карактеристики што се бараат | | ПОНУДЕНА КОНФИГУРАЦИЈА (пополнува понудувачот) Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика |
|---|---|---|
| **Преносен Компјутер** | | |
| **Процесор** | Минимум 13та генерација на процесор со 10 јадра и 12 нишки, 4,6 GHz максимална фреквенција, 12MB Intel Smart кеш меморија | 1x Intel Core i5-1335U up to 4.6 GHz (Intel® Core™ i5-1335U processor (10 Cores, up to 4.6 GHz, 12 MB Cache)<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 2 |
| **Рам меморија** | Минимум 32GB DDR4 на минимум 3200 MHz, со можност за надградба до 64 GB | 2x 16 GB DDR4 3200 MHz<br>Supported capacity RAM (max.) 64 GB Memory slots 2 SO DIMM (DDR4, 3200 MHz)<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 2, 3 |
| **Тврд диск** | Минимум 1024 GB SSD M.2 NVMe Gen4 диск | 1x SSD 1TB Value-PCIe 4.0 NVMe M.2 SED<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 2 |
| **Екран:** | Минимум 13,3" FHD(1920x1080) Anti glare, со осветленост од минимум 300cd/m2 и контраст од 700:1 | 33.8 cm (13.3-inch), FHD, 1,920 x 1,080 pixel, Anti-glare IPS display, 300 cd/m² (FHD), 700:1 (typ) (FHD)<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 2 |
| **Камера:** | Минимум HD камера 720p, со филтер за приватност | Built-in Infrared webcam (HD) with Status LED 720p, 1 megapixels, 1280 x 720, with Privacy Camera Shutter<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 2 |
| **Графичка картичка** | Минимум Intel Iris Xe Graphics или еквивалент | Intel® Iris® Xe Graphics<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 3 |

| | | |
|---|---|---|
| **Мрежна картичка** | Минимум 10/100/1000 Mbps RJ-45, Intel WiFi 6E AX211 + BT v5.3 | LAN 10/100/1,000 MBit/s Intel® I219LM<br>Integrated WLAN Intel WiFi 6E AX211 - WLAN, BT V5.3, SRD cat. 2<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 3 |
| **Аудио** | Интегрирани два стерео звучници секој по 2W | Audio features 2x built-in speakers (2 W each), Stereo audio<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 3 |
| **Порти** | Минимум:<br>2x USB 3.2 gen1 Type-A (една со функционалност за USB полнење во секое време)<br>2x USB Type C USB4 (со функционалност за испорака на напојување)<br>1x HDMI<br>1x Ethernet (RJ-45)<br>1x combo audio / microphone jack<br>1x SD/SDHC/SDXC | 2x USB 3.2 gen1 Type-A (една со функционалност за USB полнење во секое време)<br>2x USB Type C USB4 (со функционалност за испорака на напојување)<br>1x HDMI<br>1x Ethernet (RJ-45)<br>1x combo audio / microphone jack<br>1x SD/SDHC/SDXC<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 3 |
| **Батерија** | Минимум Lithium polymer battery 4-cell, 60 Wh, брзо полнење 80% за 1 час | Li-Ion battery 4-cell, 3,915 mAh, 60 Wh<br>Quick Charge: 80% in 1h<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 4 |
| **Адаптер** | Минимум Type-C 20 V / 65 W адаптер | AC Adapter 20 V / 65 W (3.25 A), 100 V - 240 V, 50 Hz - 60 Hz, 3-pin (grounded) Type-C AC-Adapter standard<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 4 |
| **Тежина** | Максимум 1 kg | Weight 0.99 kg<br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 5 |
| **Безбедност и ефикасност** | Минимум TPM 2.0 функционалност, BIOS лозинка, Хард Диск лозинка, Kensington Lock, мин ENERGY STAR® 8.0 | TPM 2.0<br>Hard disk password<br>User and supervisor BIOS password<br>Kensington Lock |

| | | |
|---|---|---|
| | | ENERGY STAR® 8.0<br><br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр. 5, 6 |
| **Издржливост** | Минимум MIL-STD-810H тестиран, изработен од Carbon/Aluminum/Magnesium | MIL-STD-810H tested.<br><br>complete magnesium housing<br><br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр.1, 5 |
| **Оперативен систем** | Преинсталиран Windows 11 Professional или еквивалент | Operating system pre-installed Windows 11 Pro.<br><br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр.2 |
| **Тастатура и глушец** | Интегрирана со US layout, водотопорна (spill-resistant) со позадинско осветлување, дополнително USB глувче од истиот производител | Spill-resistant keyboard, Available with standard keyboard or backlit keyboard<br><br>Брошура: Fujtisu LIFEBOOK U7313.pdf стр.4 |
| **Торба/ранец** | Минимум ранец од истиот производител | Fujitsu Prestige Backpack 16 |
| **Управување** | Можност за управување на персоналните компјутери од централна локација со функционалост за:<br><br>• Надградба на BIOS, промена на конфигурација на BIOS<br>• Надградба на драјвери<br>• Можност за гасење на USB портите<br>• Управување со аларми, известување за промени во врска со состојбата на компјутерот<br><br>Доколку е потребна дополнителна лиценца за управување на горенаведените функционалности, понудувачот е обврзан да ја испорача. Софтверот за | Fujitsu Manageability software<br><br>DeskView Client<br><br>DeskView Instant BIOS Management<br><br>BIOS Management incl. Security<br><br>Inventory Management<br><br>Driver Management<br><br>Alarm Management<br><br>Брошура: Fujtisu DeskView Client.pdf стр. 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | управување треба да е од истиот производител | |
| **Гаранција** | Минимум 36 месеци | Warranty 36 Months (3 Years) |
| Понудената опрема треба да е од ист производител и да биде нова и неупотребувана | | |

НАПОМЕНА: **Економскиот оператор задолжително го пополнува делот „понудена конфигурација“. Доколку во колоната „понудена конфигурација“ не бидат пополнети сите ставки, понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива**

**Услови за одржување и поддршка во гарантен период:**
- 3 години гаранција
- техничка поддршка и пријава на дефект во работни денови, 9x5;
- Контакт: Дамјан Милутновиќ, 071 233 636, Скопје

**Дел III – Финансиска понуда**

markit
SMART SOLUTIONS

| РБ | Вид | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4x5) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Персонален компјутер и монитор ТИП 1 | парче | 10 | 84.425,00 | 844,250.00 |
| 2 | Персонален компјутер и монитор ТИП 2 | парче | 8 | 124,815.00 | 998,520.00 |
| 3 | Преносен компјутер Тип 1 | парче | 18 | 105,893.00 | 1,906,074.00 |
| 4 | Преносен компјутер Тип 2 | парче | 5 | 89,932.00 | 449,660.00 |
| | | | | Вкупно: | 4,198,504.00 |

III.1. Вкупната цена на нашата понуда без пресметан ДДВ за испорака на информатичка опрема, изнесува 4,198,504.00 денари, односно искажана со букви изнесува четири милиони сто деведесет и осум илјади петстотини и четири денари.

Вкупниот износ на ДДВ на понудата искажан со бројки изнесува 209,925.00 денари, односно искажан со букви изнесува двеста и девет илјади деветстотини дваесет и пет денари.

III.2. Нашата понуда важи 120 дена. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

III.4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме одредбите дадени во моделот на договор за јавна набавка.

## IV. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ПОНУДАТА:

IV.1. Нашата понуда е составена од следниве делови:

1. ОПШТ ДЕЛ
2. ТЕХНИЧКА И ФИНАНСИСКА ПОНУДА
3. ПРИЛОЗИ

- Образец на понуда (Прилог 1),
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 3),
- Изјава за докажување способност (Прилог 4) или Документи од точка 5.2 и Документи за докажување на способност од точка 5.3, или Стандарди од точка 5.4.

Место и датум | Одговорно лице*

Скопје, 28.11.2023 | Дамњан Милутиновиќ

(потпис)

Друштво за трговија и услуги МАРК ИТ ДООЕЛ Скопје